Бр: 03-153/2
Скопје: 18.08.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 (став 1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 18.08.2021 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа **Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации** од аспект дали истиот предвидува доделување на државна помош согласно Законот за контрола на државната помош. Истиот беше доставен од страна на Фондот за иновации и технолошки развој под бр. 02-709/24 на 06.08.2021 година (Наш бр. 03-153/1 од 09.08.2021 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата е на став дека Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновациии **претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош како **шема на помош во смисла на член 4 став (1) точка (1) од Законот за контрола на државната помош и истата треба да се доделува како хоризонтална помош согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош** („Службен весник на РМ„ бр. 03/14). Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека Правилникот за инструментот за поддршка-Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации се однесува на индустриско истражување дефинирано во член 3 став (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош. Следствено, при спроведување на овој Правилник, Фондот треба да ги применува одредбите од глава II Истражување, развој и иновации од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, а особено условите кои се наведени во членовите 6 и 14 од оваа Уредба. Ова особено се однесува на интензитетот на помош наведен во членот 6 и на постапката за доделување на помош од член 14, односно дека доделувањето е дозволено само доколку барањето за доделување на помош од корисникот до давателот е поднесено пред почетокот на проектот.

Согласно Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, целта на инструментот е да поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор и високообразовните и научноистражувачки установи, како и останатите форми на соработка за комерцијализација на иновации.

Инструментот е наменет за претпријатија кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија со висок потенцијал за раст. Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на

проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сé до пред-комерцијална (пред-пазарна) фаза.

Согласно Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, преку овој инструмент Фондот за иновации и технолошки развој обезбедува финансиска поддршка во максимален износ од 20.000.000 денари и тоа: за претпријатија чиј просечен број на вработени е до 50 вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 2.000.000 евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проектот односно за претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50 до 250 и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000 евра а помал од 10.000.000 евра, финансирање до 60% од вкупниот буџет на проектот. Во случај кога апликантот не ги исполнува вредностите на двата индикатори (број на вработени и износ на годишни приходи) кумулативно, како основ за определување на процентот на кофинансирање од страна на Фондот за иновации и технолошки развој ќе се смета индикаторот според кој апликантот треба да обезбеди поголем процент на кофинансирање.

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој инструмент може да биде до 24 месеци.

Давателот на државната помош, согласно член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош каде давател е Фондот за иновации и технолошки развој е должен да поднесе известување за планирано доделување на помош согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 145/10) и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ„бр. 142/11).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**